# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 30 Јуни 2021 година Скопје Бр.6 Год. XVI |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за измена со проширување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2021 година ............стр2
2. Одлука за префрлање средства од сметка Дотации на сметка Основен буџет ...............................стр.5
3. Одлука за измена на распоред на средства (пренамена) на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2021 година ..........................................................................................................................................стр.7
4. Одлука за одобрување на исплата на финансиски средства на граѓани оштетени од поплави и друг вид на елементарни непогоди на територијата на општина Ѓорче Петров во 2020 година ...........................................................................................................................................стр.10
5. Одлука за давање на согласност за финансиска подршка на Здружение на пензионери на ОЃП ...........................................................................................................................................стр.13
6. Конкурс за доделување награди, дипломи и пофалници на учениците и просветните работници во општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров во учебната 2020/2021.............стр.14
7. Конкурс за доделување на Годишна награда „Ѓорче Петров“ во 2021 година ..............................стр.17


Јуни 2021 година

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена со проширување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2021 година**

**Се објавува Одлуката за измена со проширување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2021 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и петтата седница, одржана на ден 30.06.2021 година.**

**Број 09-1264/1**
**од 30.06.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. БР.5/2002),член 28 точка 1 од Законот за финансирање на единици на локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.61/04,96/04,67/07,156/09,47/11, 192/15,53/21 и 77/21) и член 15 точка 2 од пречистениот текст на Статутот на општина Ѓорче Петров(Сл.гласник бр.18/13), ) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 3/19 и 05/21), Советот на Општина Ѓорче Петров на 55 -та седница одржана на ден 30.06.2021 година, донесе**

## О Д Л У К А
## За измена со проширување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2021 година

### Член 1

**Со оваа Одлука се врши измена со проширување на средства во Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2021 година во колона донации и колона дотации и тоа на следниов начин:**

**Се зголемуваат приходите на следниве поставки:**

| | Буџет | Самоф. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| **741114-пренесен вишок на приходи** | 0 | 0 | 181.405,00 | 7.382.080,00 | 0 |
| | 0 | 0 | 181.405,00 | 7.382.080,00 | 0 |

**И се распоредуваат на следните потпрограми и поставки:**

| | Буџет | Самоф. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| **Л0-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | | | | | |
| **463120-трансфери до спортски клубови** | 0 | 0 | 101.405,00 | 0 | 0 |
| **464990-други трансфери** | 0 | 0 | 80.000,00 | 0 | 0 |
| **В1-ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| **424210-одржување згради** | 0 | 0 | 0 | 5.848.080,00 | 0 |
| **480190-купување на друга опрема** | 0 | 0 | 0 | 1.534.000,00 | 0 |
| | 0 | 0 | 181.405,00 | 7.382.080,00 | |

**Член 2**

**Одлуката влегува во сила од денот на донесување и станува составен дел од Буџетот на Општината за 2021 година, а ќе се објави вв “Службен гласник на општина Ѓорче Петров”**

**Број 08-1213/3** **Совет на општина Ѓорче Петров**
**Од 30.06.2021 година** **Претседател,**
**Скопје** **Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за префрлање средства од сметка Дотации на сметка Основен буџет на општина Ѓорче Петров за 2021 година**

**Се објавува Одлуката за префрлање средства од сметка Дотации на сметка Основен буџетна општина Ѓорче Петров за 2021 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и петтата седница, одржана на ден 30.06.2021 година.**

**Број 09-1264/2**
**од 30.06.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 22-а став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и број 244/19 и 77/21) , Советот на Општина Ѓорче Петров на 55-та седница одржана на ден 30.06.2021 година, донесе**

**ОДЛУКА**
**За префрлање средства од сметка Дотации на сметка Основен буџет на општина Ѓорче Петров за 2021 година**

**Член 1**

**Соо оваа одлука се врши префрлање на финансики средства од сметка дотации Програма В1-детски градинки во износ од 7.019.051,00 денари, вишок од минати години, на сметка на Основен буџет на општина Ѓорче Петров на приходно конто 741114-пренесен вишок на приходи и се распределуваат во расходи во програма ВА-капитални расходи за детски градинки на потставка 482920-изградба на други објекти.**

**Член 2**

**Одлуката стапува на сила по добивање на согласност од Влада на Република Северна Македонија и истата се објавува во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров".**

**Број 08-1213/4**
**Од 30.06.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука измена на распоред на средства (пренамена)**
**на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2021 година**

**Се објавува Одлуката за измена на распоред на средства (пренамена) на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2021 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и Педесет и петтата седница, одржана на ден 30.06.2021 година.**

**Број 09-1264/3**
**од 30.06.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), член 28 точка 1 од Законот за финансирање на единици на локалната самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и Сл.Весник на Р.С.М. бр.209/18,244/19,53/21 и 77/21) и член 15 точка 2 од Статутот на општина Ѓорче Петров - пречистен текст (Сл.Гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарна Одлука за измени и дополнувања на Статутот на општина Ѓорче петров (Сл.Гласник на општина Ѓорче Петров бр. 3/19 и 05/21), Советот на општина Ѓорче Петров на 55 -та седница одржана на година 30.06.2021 година донесе:**

## О Д Л У К А
## за измена на распоредот на средствата (пренамена) на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2021 година

### Член 1

**Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2021 година на следниот начин**

| Потпрограма Потставка | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|

**Н1 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

| | |
|---|---|
| **401130- плати** | **-1.417.000** |
| **401310-персонален данок** | **- 284.000** |
| **402110-ПИО** | **-234.000** |
| **402210-здравствено осигурување** | **-91.000** |
| **402310-агенција за вработување** | **-10.000** |
| **421110-ел.енергија** | **-230.000** |
| **421120-вода** | **-200.000** |
| **421220-дрва** | **-590.000** |
| **421440-транспорт** | **-11.000** |
| **424230-дезинфекција** | **-20.000** |
| **425490-здравствени услуги** | **-121.000** |

**Вкупно (кратење на потставки) -3.208.000**

**Н1 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

| | |
|---|---|
| **402220-професионално заболување** | **+3.500** |
| **421240-течни горива** | **+570.000** |
| **421320-телефон** | **+8.000** |
| **423110-канцелариски мебел** | **+25.000** |
| **423120-списанија,весници** | **+32.000** |
| **423310-униформи** | **+26.500** |

| Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| 423320-обувки | | | | +22.000 | |
| 423610-наставно образовни помагала | | | | +499.000 | |
| 423620-училишни материјали | | | | +196.000 | |
| 423710-средства за хигиена | | | | +20.000 | |
| 423720-разни поправки | | | | +10.000 | |
| 423810-ситен инвентар | | | | +16.000 | |
| 423990-други материјали | | | | +5.000 | |
| 424210-одржување згради | | | | +360.000 | |
| 424420-одржување хардвер и софтвер | | | | +10.000 | |
| 424440-одржување опрема | | | | +15.000 | |
| 425140-изнајмување опрема | | | | +30.000 | |
| 425760-превозни услуги | | | | +10.000 | |
| 425920-копирање печатење | | | | +180.000 | |
| 425990-други договорни услуги | | | | +15.000 | |
| 426990-други оперативни расходи | | | | +5.000 | |
| 480140-информ.опрема | | | | +790.000 | |
| 480190-друга опрема | | | | +360.000 | |

**Вкупно(зголемување на потставка) +3.208.000**

**Член 2**

**Одлуката за измена на распоредот на средствата влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2021 година, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Ѓорче Петров.**

**Број 08-1213/5**
**Од 30.06.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за одобрување на исплата на финансиски средства на граѓани оштетени од поплави и друг вид на елементарни непогоди на територијата на општина Ѓорче Петров во 2020 година**

**Се објавува Одлуката за одобрување на исплата на финансиски средства на граѓани оштетени од поплави и друг вид на елементарни непогоди на територијата на општина Ѓорче Петров во 2020 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и петтата седница, одржана на ден 30.06.2021 година.**

**Број 09-1264/4**
**од 30.06.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 62 од законот за локална самоуправа (службен весник на РМ број 05.02), член 34 став 1 точка 6 од Законот за заштита и спасување(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), член 24 став 1 точка 23 од Статутот на општина Ѓорче Петров - Пречистен текст (Службен Гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19) и Извештајот на на комисијата за процена на штети од поплави и друг вид на елементарни непогоди број 03-623/16 од 17.03.2020 година, советот на општина Ѓорче Петров на 55-тата седница одржана на ден 30.06.2021 година, донесе**

## О Д Л У К А
## за одобрување на исплата на финансиски средства на граѓани оштетени од поплави и друг вид на елементарни непогоди на територијата на општина Ѓорче Петров во 2020 година

### Член 1

**Се одобрува исплата на финансиски средства на граѓани од општина Ѓорче Петров за штета настаната од поплави и друг вид на елементарни непогоди која ја зафати територијата на општината во 2020 година.**

### Член 2

**Вкупниот износ на штетата која треба да се исплати на граѓаните изнесува 170.425,00 денари, согласно Извештаите на комисијата за процена на штети од поплави и друг вид на елементарни непогоди број 03-1324/5 од 17.08.2020 година и 03-1324/7 од 13.08.2021 година.**

### Член 3

**Финансиските средства од член 2 на ова одлука да се исплатат на трансакциски смети на граѓаните согласно списокот за процена на пријавена штета, изготвен од страна на Комисијата за процена, на следните граѓани:**

- **Горан Трајчевски ул.Мечкин Камен број 31 општина Ѓорче Петров, со ЕМБГ: 3003986450041 и трансакциона сметка број 210501586429617, износ од 99.995,00 денари.**

- **Ѓорѓи Костов ул. Браќа Галеви број 49 општина Ѓорче Петров, со жиро сметка број 300007000710711, депонент на Комерцијална Банка а.д Скопје, износ од 33.240,00 денари.**

- **Коста Стојановски, ул.81 број 2 Волково, со ЕМБГ:1906934450003 и трансакциона сматка број 3000070004417469 депонент Комерцијална Банка а.д Скопје, износ од 37.190,00 денари.**

**Член 4**

**Се задолжува секторот за финансиски прашања да ја спроведе одлуката.**

**Член 5**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-1213/6**
**Од 30.06.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање на согласност за финансиска подршка на Здружение на пензионери на општина Ѓорче Петров**

**Се објавува Одлуката за давање на согласност за финансиска подршка на Здружение на пензионери на општина Ѓорче Петров, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и петтата седница, одржана на ден 30.06.2021 година.**

**Број 09-1264/5**
**од 30.06.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 36 и 62 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на Р.М. бр.5/02), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советот на општина Ѓорче Петров на 55-тата седница одржана на ден 30.06.2021 година, донесе:**

## О Д Л У К А
## за давање на согласност за финансиска подршка на Здружение на пензионери на ОЃП

**Член 1**

**Со Одлуката се дава согласност за финансиска подршка на Здружение на пензионери на ОЃП за следниве активности:**

- **Одбележување на 20 годишнината од постоењето на Здружението во износ од 100.000 денари за печатење на монографија, и**
- **Подобрување на условите за функционирање на клубовите во рамки на Здружението за купување на неопходна опрема и движни ствари во износ од 300.000 денари.**

**Член 2**

**Средствата од член 1 да се исплатат на сметка на Здружение на пензионери на ОЃП од Буџетот на општина Ѓорче Петров коли се планирани во Програмата за активностите на ОЃП од областа на културата и подршка на невладиниот сектор за 2021 година.**

**Член 3**

**Здружението на пензионери има обврска до ОЃП да достави наративен и финасиски извештај со пропратна документација за потрошените средства најдоцна до 31.12.2021 година.**

**Член 4**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-1213/7** | **Совет на општина Ѓорче Петров**
**Од 30.06.2021 година** | **Претседател,**
**Скопје** | **Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 18 од Правилникот за доделување награди, дипломи и пофалници на учениците и просветните работници во општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров, (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 5/2016), Комисијата за образование, наука, социјална, здравствена заштита и заштита на деца при Советот на Општина Ѓорче Петров објавува:**

**КОНКУРС**
**доделување награди, дипломи и пофалници на учениците и просветните работници во општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров во учебната 2020/2021**

**Наградите, дипломите и пофалниците се доделуваат на учениците и просветните работници поединечно и групно за особени постигнувања и успешни резултати во воспитно-образовната дејност.**

**Советот на Општина Ѓорче Петров ги доделува следните награди:**

**(1) Плакета за Првенец на генерација 2012-2021 на Општина Ѓорче Петров за основно образование;**

**Првенец на генерација на Општина Ѓорче Петров за основно образование се избира од редот на Првенците на генерација на основните училишта.**

**Пријавените кандидати треба да достават:**

- **потврда за континуиран одличен успех по сите наставни предмети и примерно поведение во текот на школувањето и**
- **освоени награди, дипломи, пофалници, или признанија од натпревари по наставни предмети во текот на основното образование.**

***Се приложува и вреднува само највисокото достигнување на ученикот во одредената област, односно се бодува дипломата која носи најмногу бодови за секој предмет поединечно за секоја учебна година од I оделение до IX оделение.***

**Учениците пријавите со соодветна документација може да ги доставуваат до општинското основно училиште во кое учат или на e-mail адреса на училиштето:________________________________.**

***Ученикот кој е прогласен за Првенец на генерација на Општина Ѓорче Петров за основно образование добива плакета и награда (часовник, компјутер, лаптоп или др) во вредност од 10.000 ден.***

**(2) Диплома за најдобар ученик за IV, V, VI, VII, VIII и IX одделение во учебната 2020/2021;**

**Најдобар ученик за IV, V, VI, VII, VIII и IX оделение на Општина Ѓорче Петров се избира од редот на најдобрите ученици за IV, V, VI, VII, VIII и IX оделение од основните училишта на Општина Ѓорче Петров.**

**Пријавените кандидати треба да достават:**

- **потврда за одличен успех по сите наставни предмети и примерно поведение во тековната учебна година и**
- **освоени награди, дипломи, пофалници, или признанија од натпревари по наставни предмети во тековната учебна 2020/2021 година.**

***Се приложува и вреднува само највисокото достигнување на ученикот во одредената област, односно се бодува дипломата која носи најмногу бодови за секој предмет поединечно за тековната учебна година.***

**Учениците пријавите со соодветна документација може да ги доставуваат до општинското основно училиште во кое учат или на e-mail адреса на училиштето:______________________.**

***Учениците кои се прогласени за најдобри ученици за IV, V, VI, VII, VIII и IX одделение добиваат посебни дипломи и награди (часовник, таблет, енциклопедија и др ) во вредност од 3.000ден.***

**(3) Посебни Пофалници за постигнат особен успех во определени области како на пример спортот, музичката или ликовната уметност и др во учебната 2020/2021.**

**Посебна Пофалница за постигнат особен успех во определени области како на пример спортот, музичката или ликовната уметност и др. се доделува поединечно или групно на ученици и/или просветни работници кои постигнале успеси во одредени области, имаат освоено награди, дипломи и признанија и ја промовираат Општината Ѓорче Петров.**

**Пријавените кандидати треба да достават**

- **освоени награди, дипломи, пофалници, или признанија од натпревари по наставни предмети за тековната учебна 2020/2021 година.**

**Учениците пријавите со соодветна документација може да ги доставуваат до општинското основно училиште во кое учат или на e-mail адреса на училиштето:______________________________.**

**Просветните работници пријавите со соодветна документација ги доставуваат до Комисијата за образование, наука, социјална, здравствена заштита и заштита на деца при Советот на Општина Ѓорче Петров или на e-mail адреса на општината: sovet@opstinagpetrov.gov.mk.**

***Учениците и просветните работници кои се прогласени за постигнат особен успех во определени области добиваат посебна диплома и награда (поврзана со областа за која се наградени) во вредност од 3.000ден.***

**(4) Награда за истакнат просветни работник во учебната 2020/2021.**

**Награда за истакнат просветни работник се доделува на вработените (наставниот кадар во предметна и одделенска настава и стручните служби) во основните училишта за постигнат успех во воспитно образовниот процес.**

**Награда за истакнат просветен работник може да се додели на вработен кој има најмалку 3 години работно искуство во образовна институција и на кој последните три години не му била доделена награда за истакнат просветен работник.**

**Пријавените кандидати треба да достават**

- **оцена од последната интегрална евалуација,**
- **оцена добиена од Бирото за развој на образованието,**
- **потврда за учество во проекти на меѓународно, републичко или општинско ниво поддржани од Министрството за образование и наука, Општината или други образовни институции во последните три години,**
- **стекнати сертификати од стручно усовршување, семинари, курсеви и симпозиуми од овластени институции во последните три години,**
- **стекнати сертификати како обучувач или десеминатор во последните три години и**
- **освоени награди, дипломи, пофалници, или признанија како ментор на ученици во последните три години**

***Се вреднува само највисокото достигнување на просветниот работник во одредената област, односно се бодува дипломата која носи најмногу бодови за секој секој ученик поединечно на кој наставникот му бил ментор.***

**Просветните работници пријавите со соодветна документација ги доставуваат до Комисијата за образование, наука, социјална, здравствена заштита и заштита на деца при Советот на Општина Ѓорче Петров или на e-mail адреса на општината:sovet@opstinagpetrov.gov.mk.**

**Кандидатите пријавите треба да ги достават во затворен плик  на кој треба да стои; За Конкурс за доделување награди, дипломи и пофалници на учениците и просветните работници во општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров.**

***Истакнатиот просветен работник добива плакета и награда во вредност од 15.000ден.***

**Кандидатите за конкурсот треба да достават копии од документите (награди, дипломи, пофалници, сертификати и др.) По завршувањето на конкурсот Општина Ѓорче Петров нема обврска да ги врати документите на пријавените кандидатите.**

**Конкурсот трае до 10.06.2021**

**Бр.  08-1014/1**
**Од  19.05.2021 Скопје**

**Комисијата за образование,**
**наука, социјална, здравствена**
**заштита и заштита на деца**
**Советот на Општина Ѓорче Петров**

**Врз основа на член 135 став 1 алинеа 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.12/2006), член 7 став 1 од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на Годишна награда и одбележување на други празници („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 6/2006), член 4 од Одлуката за измени и дополнување на Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на Годишна награда и одбележување на други празници („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 7/2012), Комисијата за култура, спорт, млади, признанија и награди на Советот на Општина Ѓорче Петров, распишува**

**К О Н К У Р С**
**за доделување на Годишна награда „Ѓорче Петров" во 2021 година**

1. **Наградата „Ѓорче Петров" на Општина Ѓорче Петров во 2021 година се доделува на физички и правни лица од Општина Ѓорче Петров, како знак на општествено признание за особени остварувања во стопанството, науката, уметноста, културата, спортот, воспитанието и образованието, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, како и во други области на трудот и творештвото од значење за развојот на Општината и нејзината афирмација во Република Македонија и во светот.**
2. **На ученици и студенти наградата се доделува за творечки труд или континуирани успешни резултати во наставните и вонннаставните активности.**
3. **Наградата се доделува за остварување во изминатиот период од една година до објавувањето на конкурсот, како и за подолг изминат период на работно и творечко ангажирање.**
4. **За поединци, група творци, ученици и студенти наградата се состои од признание, плакета и паричен износ.**
5. **Наградата за правни лица се состои од признание и плакета.**
6. **Право на предлагање кандидати за награда имаат правни и физички лица со седиште, односно живеалиште на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.**
7. **Предлогот за награда треба да биде детално образложен, а за кандидатите поединци да содржи и биографија.**
8. **Кон предлогот за доделување на награда за печатени дела се приложуваат и два (2) примерока од делото.**
9. **Конкурсот трае 30 дена од објавувањето.**

**Предлагачот да ги наведе својот полн назив, адреса и телефон.**
**Предлозите се поднесуваат во два примероци до Комисијата за награди и признанија на Советот на Општина Ѓорче Петров, ул.„Ѓорче Петров" бр.73 - Скопје.**

**Број 08/-1197/1**
**22.06.2021 година**
**Скопје**

**Од Комисијата за култура, спорт, млади**
**признанија и награди на општина Ѓорче Петров**